РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.12.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 5260/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Република Северна Македонија - Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 декември 2024 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 декември 2024 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

   Редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, емитуван на 2 декември 2024 година, на регионално ниво - **не може фактички да се спроведе, затоа што радиодифузерот емитуваше само музика и џинглови, односно не емитуваше никаков вид програма со новинарски и со уреднички ангажман.**

   Ваквиот наод од надзорот врз еднодневната програма претставува индикатор дека треба да се спроведе надзор врз програмата емитувана во текот на една седмица со цел да се утврди дали радиодифузерот го почитува членот 67 од ЗААВМУ, односно дали го исполнува програмскиот концепт за кој добил дозвола за емитување.

8. **Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка:**

Програмскиот сервис на Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје, емитуван на 2 декември 2024 година, се состои исклучиво од музика и џинглови, поради што не може да се спроведе фактички програмски надзор за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми.

Ова е индиција дека Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје - не го почитува членот 67, став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*), поради што Агенцијата по службена должност ќе спроведе вонреден надзор врз еднонеделната програма за исполнувањето на програмскиот концепт врз основа на кој Република Северна Македонија - Универзитет “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” во Скопје - Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 добила дозвола за радио емитување на регионално ниво.

***Сектор за програмски работи***